До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на информација за постоење судир на интереси, со кое се бара мислење во однос на два случаи и тоа:

1. Дали во Јавна општинска установа Детска градинка, член на Управен одбор од редот на вработените го именува директорот на установата или Стручен совет.
2. Дали може лице што е член во Комисија за јавни набавки да биде и член на Управен одбор во истата установа.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Со член 114 став (1), (8) и (16) од Законот за заштита на децата е предвидено:
„(1) Орган на управување во јавна установа за деца е **управен одбор**.
(8) Управниот одбор на општинска детска градинка и општинско детско одморалиште основани од општината е составен од седум члена и тоа тројца претставници од основачот, **еден претставник од установата**, двајца претставници од родителите на децата и еден претставник од министерството и
(16) Претставникот на установата го предлага **стручниот совет** на установата, врз основа на стручност и компетентност, а го избира и разрешува основачот по постапка пропишана со статутот на установата.“

Во однос на вториот случај од поставено прашање, Државната комисија е на став дека **не постои директна законска забрана** лице кој е член на Управниот одбор истовремено да биде и член на Комисијата за јавни набавки. Комисијата за јавни набавки е стручно тело кое ја подготвува тендерската документација и ги евалуира понудите, додека Управниот одбор ја контролира работата на установата.

Согласно член 38 став (1), (2) и (3) од Законот за јавните набавки:
„Изјава за непостоење судир на интереси
(1) Во постапката за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисијата за јавна набавка (во натамошниот текст: комисијата), како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.
(2) Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата, истите се повлекуваат од работа во комисијата, за што го известуваат одговорното лице, и се заменуваат со други лица.
(3) Во случај на судир на интереси кај одговорното лице, истото со посебно решение овластува друго лице од редот на функционерите или раководните службеници кај договорниот орган да ги донесе соодветните одлуки и да го потпише договорот, за што го известува органот на управување или органот кој е надлежен за контрола на неговото работење.“

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја утврдува основната дефиниција на поимот „судир на интереси“:
„Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Од друга страна, согласно член 49 став (2) од истиот Закон, вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.

Државната комисија укажува и на Начелото на интегритет кое потребно е да се почитува од страна на службените лица при вршењето на јавни овластувања и службени должности:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од

лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Претседател,

Адем Чучуљ